# СОДРЖИНА


***ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА***

- ***Финансиска поддршка на работодавачите за исплата на плати за месеците февруари и март 2021 година............ ..........................................................5***

- ***Финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност за февруари и март 2021 година....................................................................................36***

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- ***Откажување на договорот за вработување со отказ од страна на работникот и работодавачот.......................................……………......49***

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- ***Плати за месец Април 2021 година.......................................................................61***
- ***Коефициент на МДБ за Март 2021 година.......................................................................80***
- ***Коефициенти на пораст на цените за месец Март 2021 година.........................................................................81***
- ***Цени на гориво......................................................................83***
- ***Курсни листи ......................................................................94***
- ***Рокови за поднесување во Февруари............................................................100***
- ***Казнена законска камата..................................................102***

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ................................................104***

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

*дипл. економист Ромео Костадинов*

## *ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ ЗА МЕСЕЦИТЕ ФЕВРУАРИ И МАРТ/2021 ГОДИНА*

***Нови субвенции за исплата на плати за ФЕРУАРИ-МАРТ 2021 година, се доделуваат согласно новиот Закон за финансиска поддршка за исплата на платите. Со ова продолжува циклусот на мерки за надминување на штетните последици предизвикани од COVID 19, кои отпочнаа со Уредбата и Законот за финансиска поддршка за исплата на плати за 2020.***

### *ВОВЕД*

Поради обезбедување поддршка на работодавачите во справувањето со последиците од корона вирусот, мерката за финансиска поддршка за исплата на плати, конечно се донесе и за месеците **Февруари и Март 2021 година.**

Субвенционирањето за плати на вработените е регулирано со донесувањето на Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците **Февруари и Март 2021** година (“Службен весник на РСМ” 85/21).

Соодветни разлики помеѓу новите и мерките од 2020, се манифастираат кај задолжителниот поврат на применатa поддршка од 50% од добиениот износ, без оглед на финансискиот резултат, кај роковите и условите за враќање.

# *1. КОЈ ИМА ПРАВО ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Работодавачот - правен субјект и физичко лице, кој/кое вработува работници врз основа на договор за вработување и работодавач корисник, согласно Законот за приватни агенции за вработување, се субјектите кои можат да користат субвенционирање на платите.

Финансиската поддршка, ќе се спроведува преку Програмата за финансиска поддршка на работодавачи, погодени од здравствено економската криза предизвикана од коронавирусот COVID - 19, **со исплата** на финансиски средства **на сметка на работодавачот - Барател** за платите на работниците за месеците **Феруари и Март/2021 година.**

## *1.1. Субвенционирање за платите*

Со одредбите на Законот, финансиската поддршка спрема работодавачите, се однесува на поддршка по пат на исплата на финансиски средства, кои имаат цел помагање при исплати на платите на вработените.

Предмет на финансиска поддршка е исплатата на платите на работниците кај работодавачот-барател на финансиска поддршка за месеците **ФЕРУАРИ И МАРТ/2021 година, во износ од 14.500,00 МКД до 21.776,00 МКД месечно, по работник.**

Висината на износот е варијабилна, во зависност од работното време **(полно или неполно**) на кое е пријавен работникот, намалено за работното време за кое работникот остварува надоместок на плата, кој не паѓа на товар на работодавачот, **но не повисок износ** од платата на работникот за месецот за кој бара финансиска поддршка.

Бројот на вработени за кои работодавачот-барател на финансиска поддршка има право на финансиска подршка за месеците **Феруари и Март/2021 година,** е одреден од **вкупниот број на вработени во месецот** за кој **се бара** финансиска поддршка, вклучени во МПИН, **намален** за бројот на **одјавени работници за истиот месец**, со исклучок на одјавените работници, кои со законот не се сметаат за забранети намалувања на вработените.

### *1.2. Остварување субвенција*

Согласно член 3 од Законот, работодавачот - барател на финансиска поддршка, до УЈП поднесува **Барање за финансиска поддршка** на работодавач заради исплатата на платите за **ФЕРУАРИ И МАРТ/2021 година и Изјава за исполнетост на условите.**

Формата и содржината на Барањата за финансиска поддршка за исплатата на платите на работниците, се пропишани со Правилниците за Обрзецот БФП-ИП/3 и Образецот БФС-СВД-3 („Службен весник на РМ" 87/21).

Барањето на финансиска поддршка, работодавачот - барател на финансиската поддршка го поднесува преку системот е-даноци на УЈП до **30-ти април**, а комплетноста на Барањето го потврдува органот на УЈП, **во рок од 3 дена** од денот на приемот на барањето.

Во Барањето – образецот за помош, работодавачот - барателот на финансиска поддршка, задолжително дава (пополнува) **Изјава** за исполнетоста на условите од законот.

### *2. УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СУБВЕНЦИЈА*

За користење на финансиската поддршка, работодавачот – барател на финансиска поддршка, треба да ги исполни за-конските **услови,** согласно периодот на реги-страција, во зависност дали е регистриран пред или после јануари 2020.

***а). За обврзниците регистрирани ПРЕД месец Јануари/2020 година***

**МЕСЕЧНИОТ ПРОСЕК НА ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ** од редовно работење остварени во периодот ***Ноември, Декември/2020 и Јануари/2021*** *година*, **ОДНОСНО *Декември/2020 Јануари и Февруари/2021*** *година*, **намалени** за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка, да се **намалени НАЈМАЛКУ за 30% во ОДНОС** на **МЕСЕЧНИОТ ПРОСЕК НА ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ** од редовното работење остварени во **периодот *Ноември, Декември 2019 година и Јануари 2020*** *година,* односно ***Декември 2019 година, Јануари и Февруари 2020*** *година,* **намалени** за одделни еднократни приходи, кои не произлегуваат од редовното работење.

За 01.2021

$$\frac{\Sigma(\text{Прих. од 11, 12/2020 и 01/2021})/3}{\Sigma(\text{Прих. од 11, 12/2019 и 01/2020})/3} =< 30\%$$

(За јануари 2021)

Споредба на период

$$\frac{\text{ØПрих. од 12/2020 и 01 и 02/2021}}{\text{ØПрих. од 12/2019 и 01 и 02/2020}} =< 30\% \text{ т.е.}$$

(За февруари 2021)

Споредба на период

$$\frac{\text{ØПрих. од 11, 12/2020 и 01/2021}}{\text{ØПрих. од 11, 12/2019 и 01/2020}} =< 30\% \text{ т.е.}$$

За 02.2021

$$\frac{\Sigma(\text{Прих. од 12/2020 и 01 и 02/2021})/3}{\Sigma(\text{Прих. од 12/2019 и 01 и 02/2020})/3} =< 30\%$$

**б). За обврзниците регистрирани ПОСЛЕ месец Јануари 2020 година**,

**Намалување на МЕСЕЧНИОТ ПРОСЕК НА ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ** од редовно работење **намалени** за одделни еднократни приходи кои не се од редовното работење на работодавачот на финансиската поддршка остварени во периодот ***Ноември, Декември/2020 и Јануари/2021*** *година*, **ОДНОСНО *Декември/2020 Јануари и Февруари/2021*** *година*, да изнесува **НАЈМАЛКУ 30% во ОДНОС** на **Месеч-ниот просек на вкупните приходи намалени** за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот на финансиска поддршка остварени од денот на запишување на работодавачотна финансиска подрршка остварени од денот на запишувањето во соодветен регистер до крајот на месец **10, односно 11.2020 година.**

**в).** Работодавачот барател на финансиска поддршка **да не исплатува дивиденда на сопствениците**, како и да нема извршено исплата **по основ на награда** за деловна успешност, (**нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност со шифра 102 во МПИН Образецот**) или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и

надзор на работодавачот-барател на финансиска поддршка, до ден на исплата на плата за месец **Март/2021 година.**

**г). Бројот на вработени во месецот** за кој се бара финансиска поддршка од овој закон **да е ист или поголем** со бројот на вработени заклучно со месец **Декември 2020 година** со исклучок на одјавените работници согласно условите од членот 8 став 3 и 4 од Законот.

Овој **услов нема обврска** да го исполни работодавачот-барател на финансиска поддршка кој врши дејност наведена согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2: угостителска дејност (шифра **56** - дејности за подготовка и служење на храна и шифра **55** - објекти за сместување) и транспорт (шифра **49** - копнен транспорт и цевоводен транспорт), кој поради здравствените протоколи има затворено најмалку 50% од своите капацитети, преку кои го остварува прометот.

**д). Месечна нето плата над 120.000 денари** месечно по вработен, да примиле **најмногу 10%** од вкупниот број на вработени.

**ѓ). Исплатената месечна нето плата на вработениот** да не надминува 39.900,00 МКД за месец октомври, ноември, декември 2020 година и јануари 2021 година, за секој месец одделно, **сразмерно** на часовите на пријавено работно време (**полно или неполно работно време)** или доколку засновал работен однос **за време пократко од четири месеци**, нето платата на работникот **да не е повисока од 39.900 денари** за секој месец одделно за периодот за кој е пријавен во работен однос, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време);

**е). За вработениот да не користи ослободување** од плаќање на Данок на личен доход и Придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработенот **(за мерките од проектот Македонија вработува);**

**ж). Да не применува барање** за субвенционирање за вработените на дополнително работење од член 121 од ЗРО;

**з). Финансиска поддршка за исплата** на плати не може да користи работодавач кој во годишната сметка и финансиските извештаи за 2017, 2018 и 2019 година **има кумулативно акумулирани добивки поголеми од 600.000.000 денари.**

По исклучок, работодавачот **кој има повеќе од 2.000 вработени лица во месецот** за кој користи финансиска поддршка, а во годишната сметка и финансиските извештаи за 2017, 2018 и 2019 година има кумулативно акумулирани добивки поголеми **од 600.000.000 денари**, **може да користи финансиска поддршка за исплата на плата согласно законот.**

### *2.1. Основен услов – најмалку 30% намалување на приходот во XI-XII/2020 и I/2021 односно XII/2020 и I-II/2021 година*

Намалувањето на приходите се разгледува кај два типа на работодавачи, во зависност од тоа дали обавувал дејност цела 2020 или е новорегистриран субјект во 2020 година.

**Но, за сите важи условот, намален вкупен приход од најмалку 30%.**

Процентот на намалување на приходот **над 30%** е ист и за работодавачите кои биле регистрирани **ПРЕД ЈАНУАРИ/ 2020 година** и оние кои биле регистрирани **ПОСЛЕ ЈАНУАРИ/2020** година, разликата е само е во периодите од кои се земаат податоците за висината на остварениот просечен месечен приход.

### *2.2 Маргини на намалување на приход и висина на помош*

Согласно член 6 од Законот, износот на финансиска поддршка заради исплата на плати за **Февруари и Март/2021** година, се определува врз основа на **процентот на намалувањето на приходот,** искажан во барањето и тоа на следниот начин:

| | |
|---|---|
| **- ЗА НАМАЛЕН ПРИХОД ОД 30% ДО 40% ИЗНОС на финансиска поддршка до** | **14.500 денари;** |
| **- ЗА НАМАЛЕН ПРИХОД ОД 40,01% ДО 50% ИЗНОС на финансиска поддршка до** | **15.955 денари;** |
| **- ЗА НАМАЛЕН ПРИХОД ОД 50,01% ДО 60% ИЗНОС на финансиска поддршка до** | **17.410 денари;** |
| **- ЗА НАМАЛЕН ПРИХОД ОД 60,01% ДО 70% ИЗНОС на финансиска поддршка до** | **18.865 денари;** |

| | |
|---|---|
| **- ЗА НАМАЛЕН ПРИХОД ОД 70,01% ДО 80%**<br>**ИЗНОС на финансиска поддршка до** | **20.320 денари;** |
| **-ЗА НАМАЛЕН ПРИХОД ОД НАД 80%**<br>**ИЗНОС на финансиска поддршка до** | **21.776 денари.** |

Износот на финансиска поддршка **се исплатува до износот на платата**, која ја исплаќа работодавачот на работникот, за месецот за кој бара финансиска поддршка, а најмногу до износот определен согласно наведените маргини на финансиска поддршка, засновани **врз процентот на пад на приходите.**

***2.3. Финансиска поддршка за месец ФЕВРУАР/МАРТ 2021 година за работодавач – барател на финансиска поддршка регистриран ПРЕД ЈАНУАРИ/2020 година***

***2.3.1. За месец Февруари 2021***

За добивање на финансиска поддршка за месец **ФЕВРУАРИ/2021 година, за *работодавач – барател на финансиска поддршка регистриран*** во соодветен регистар **(основан*) ПРЕД ЈАНУАРИ/2020 година,*** потребно да се утврди:

- **Месечниот просек на Вкупните приходи** од редовно работење остварени во периодот **НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ/2020 година и ЈАНУАРИ/2021 година**, **НАМАЛЕНИ за одделни еднократни приходи кои не произлегу-ваат од редовното работење да се намалени НАЈ-МАЛКУ за 30% во однос на:**
- **Месечниот просек на Вкупните приходи** од редовно работење остварени во периодот **НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ/2019 година и ЈАНУАРИ/2020 година, НАМАЛЕНИ за одделни еднократни приходи кои не произлегу-ваат од редовното работење.**

***2.3.2. За месец Март 2021***

За добивање на финансиска поддршка за месец **МАРТ / 2021 година, за физичко лице** кое врши самостојна дејност – барател на финансиска поддршка кое е запишано во соодветен регистар **(основан)** **ПРЕД месец ЈАНУАРИ/ 2020 година**, година потребно да се утврди:

- **Месечниот просек на Вкупните приходи** од редовно работење остварени во периодот **ДЕКЕМВРИ/2020 година, ЈАНУАРИ и ФЕВРУАРИ/2021 година**, **НАМАЛЕНИ за одделни еднократни приходи кои не произлегу-ваат од редовното работење да се намалени НАЈМАЛКУ за 30% во однос на:**
- **Месечниот просек на Вкупните приходи** од редовно работење остварени во периодот**, ДЕКЕМВРИ/2019 година, ЈАНУАРИ и ФЕВРУАРИ/2020 година, НАМАЛЕНИ за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење.**

**ПРИМЕР:** Правниот субјект бара финансисика поддршка за исплата на платите за **ФЕВРУАРИ/2021 година,** врши споредба на Месечниот просек на вкупните приходи од редовно работење остварени во периодот **XI-XII/2020 година и I/2021 година, ВО ОДНОС** на Месечниот просек на вкупните приходи од редовно работење остварени во периодот **XI-XII/2019 година и I/2020 година.**

| Табела 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Маргини на пад на приход и висина на финансиска поддршка | | | |
| Р.бр. | % на намален приход | | Износ на помош до: |
| | од | до | |
| 1 | 30% | 40% | 14.500,00 |
| 2 | 40.01% | 50% | 15.955,00 |
| 3 | 50.01% | 60% | 17.410,00 |
| 4 | 60.01% | 70% | 18.865,00 |
| 5 | 70.01% | 80% | 20.320,00 |
| 6 | над 80% | | 21.776,00 |

Од вака утврдениот периодичен приход, се (**одзема**) минусира еднократниот приход, кој не е својствен за редовните активности на друштвото и не произлегува од деловна активност, остварена од работење во актуелниот период од 2019, 2020 и 2021 година.

Како еднократен приход може да се појави приходот од наплатени отпишани побарувања, приходи од отписи на обврски, приходи од пенали и други договорни исполнувања, приходите од наплати на оштетни побарувања, приходи од субвенции, приходи од вишоци и други.

Заради елиминација на приходите, кои не се вклучуваат во приходниот критериум, од кој се пресметува намалувањето за **најмалку 30% до над 80%** кај овие субјекти, се зема вкупниот приход од редовните активности кој се евидентира на **АОП 202 од Биланс на успех од 2020 година**, но за соодветниот период од **XI-XII/2020 година и I/2021 година**.

Потсетуваме **на АОП 202** се прикажуваат приходите од редовните активности од групите конта ***73 и 74 – ПРИХОДИ од продажба на производи стоки и услуги***.

Наведените приходи треба да се намалат за приходите од продажба на отпадоци и приходите од продажба на нетековни средства (***недвижности, постројки и опрема - НПО***), доколку се евидентирани како приходи на ***КОНТАТА 743 и 744, како и на приходите од субвенции*.**

Приходите од употреба на сопствени производи - конто 745 исто така треба да се елиминираат, доколку истите се прикажани **на АОП 202 (*истите од конто 745 се прикажуваат на АОП 206 од БУ).***

**ПРИМЕР:** Друштвото **"АДБ"** за период **XI-XII/2020 година и I/2021 годин**а (**види Табела 2**), ја има следната структура на приходи:

***Табела 2***
***Пресметка на намалувањето на приходи за субвенции за месец Февруари/2021 година***

| **Р.б р.** | **ОПИС** | **Σ(11,12/2019+01/2020)** | **Σ(11,12/2020+01/2021)** |
|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од продажба на производи | 15.600.000 | 1.964.000 |
| 2. | Приходи од продажба на стоки | 24.000.000 | 4.830.000 |
| 3. | Приходи од услуги | 18.000.000 | 1.750.000 |
| 4. | Приходи од закупнини | 2.400.000 | 456.000 |
| 5. | Приходи од продажба на НПО | 6.000.000 | 500.000 |
| 6. | Приходи од отпис на обврски | 500.000 | 95.000 |
| 7. | Приходи од вредносни усогласувања | 1.000.000 | 68.400 |
| 8. | Приходи од наплатени пенали | 260.000 | 15.000 |
| 9. | Приходи од вишоци | 70.000 | 169.100 |
| 10. | Приходи од заштита од ризици | 400.000 | 76.000 |
| 11. | Приходи од укинување на резервирања | 800.000 | 152.000 |
| 12. | Приходи од камати и курсни разлики | 150.000 | 28.500 |
| 13. | Приходи од дивиденди | 2.000.000 | 1.260.000 |
| 14. | **Вкупно:** | **71.180.000** | 11.364.000 |
| 15. | Еднократен приход (5+6-+7+8+9+10+11+12+13) | **11.180.000** | 2.364.000 |
| 16. | Вкупен минус еднократен приход (14 - 15) | **60.000.000** | 9.000.000 |
| 17. | Месечен Ø приход (K1(16/3) **/** K2( 16/3)) | **20.000.000** | **3.000.000** |

***Колона 1: М Ø П* = р.бр.16/3**

***Колона 2: М Ø П* = р.бр.16/3**

***М Ø П* =Месечен просечен приход.**

***% на учество на приходот = 3.000.000x100 / 20.000.000 = 15,00%***

***Намалувањето на приходот е над 80% (100 – 15 = 85%) односно:***

***% на намалување на приходот = 17.000.000 x 100 / 20.000.000 = 85,00%***

***(17.000.000 пад на приход = 20.000.000 - 3.000.000).***

***Субјектот се стекнува со право на финансиска поддршка за исплата на платите за месец Февруари 2021 година во износ од 21.776,00 МКД, поради падот на приходите кој изнесува над 85%, доколку се исполнети и другите услови.***

*Табела 3*
*Пресметка на намалувањето на приходи за субвенција за месец Март/2021 година*

| **Р.бр.** | **Опис** | **Σ(12/2019+01 и 02/2020)** | **Σ(12/2020+01и 02/2021)** |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба на производи | 25.600.000 | 8.164.000,00 |
| 2 | Приходи од продажба на стоки | 24.000.000 | 10.400.00,00 |
| 3 | Приходи од услуги | 8.000.000 | 16.800.000 |
| 4 | Приходи од закупнини | 2.400.000 | 2.205.999 |
| 5 | Приходи од продажба на НПО | 6.000.000 | 3.600.000 |
| 6 | Приходи од отпис на обврски | 500.000,00 | 300.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Приходи од вредносни усогласувања | 1.000.000,00 | 600.000,00 |
| 8 | Приходи од наплатени пенали | 260.000,00 | 156.000,00 |
| 9 | Приходи од вишоци | 70.000,00 | 42.000,00 |
| 10 | Приходи од заштита од ризици | 400.000,00 | 240.000,00 |
| 11 | Приходи од укинување на резервирања | 800.000,00 | 480.000,00 |
| 12 | Приходи од камати и курсни разлики | 150.000,00 | 90.000,00 |
| 13 | Приходи од дивиденди | 2.000.000,00 | 1.200.000,00 |
| 14 | **Вкупно:** | **71.180.000** | **44.277.999,00** |
| 15 | Еднократен приход (5+6+7+8+9+10+11+12+13) | **11.180.000,00** | **6.708.000,00** |
| 16 | Вкупен минус еднократен приход (14 - 15) | **60.000.000,00** | **37.569.999,00** |
| 17 | Месечен просечен приход (К1(16/3) **/** К2( 16/3)) | **20.000.000,00** | **12.523.333,00** |

***% на намалување = <u>7.476.667x100</u> = 37,383335%;***
***20.000.000***

***(7.476.667 = 20.000.000-12.523.333);***

***Субјектот се стекнува со право на финансиска поддршка за месец МАРТ 2021 во износ од 14.500,00 МКД, поради падот на приходите кој изнесува над 30,01 до 40%.***

*Табела 4*

***Пресметка на намалувањето на приходи за субвенција за месец Март/2021 година***

| **Р.бр.** | **Опис** | **Σ(12/2019+01,02/2020)** | **Σ(12/2020+01,02/2021)** |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба на производи | 23.600.000 | 18.207.341 |
| 2 | Приходи од продажба на стоки | 19.000.000 | 5.552.659 |
| 3 | Приходи од услуги | 18.000.000 | 4.800.000 |
| 4 | Приходи од закупнини | 2.400.000 | 1.440.000 |
| 5 | Приходи од продажба на НПО | 6.000.000 | 3.600.000 |
| 6 | Приходи од отпис на обврски | 500.000 | 300.000 |
| 7 | Приходи од вредносни усогласувања | 1.000.000 | 600.000 |
| 8 | Приходи од наплатени пенали | 260.000 | 156.000 |
| 9 | Приходи од вишоци | 70.000 | 42.000 |
| 10 | Приходи од заштита од ризици | 400.000 | 240.000 |
| 11 | Приходи од укинување на резервирања | 800.000 | 480.000 |
| 12 | Приходи од камати и курсни разлики | 150.000 | 90.000 |
| 13 | Приходи од дивиденди | 2.000.000 | 1.200.000 |
| **14** | **Вкупно:** | **74.180.000** | **36.708.000** |
| 15 | Еднократен приход (5+6+7+8+9+10+11+12+13) | **11.180.000** | **6.708.000** |
| 16 | Вкупен минус едн-figкратен приход (14 - 15) | **63.000.000** | **30.000.000** |
| 17 | Месечен просечен приход (К1(16/3) / К2( 16/3)) | **21.000.000** | **10.000.000** |

***% на намалување = <u>11.000.000 x 100</u> = 52,38%;***
***21.000.000***

***(11.000.000 = 21.000.000 - 10.000.000);***

***Субјектот се стекнува со право на финансиска поддршка за месец 03.2021 во износ од 17.410,00 МКД, поради падот на приходите над 50,01 до 60%.***

***2.4. Финансиска поддршка за месец ФЕВРУАРИ/ МАРТ 2021 година за работодавач регистриран ПОСЛЕ ЈАНУАРИ/2020 година***

*а) За Февруарска субвенција*

За добивање на финансиска поддршка за месец **ФЕВРУАРИ/2021 година, за *работодавач – барател на финансиска поддршка регистриран*** во соодветен регистар **(основан*) ПРЕД ЈАНУАРИ/2020 година,*** потребно да се утврди:

- **НАМАЛУВАЊЕТО на Месечниот просек на Вкупните приходи** од редовно работење, **НАМАЛЕНИ за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење остварени во периодот НОЕМВРИ / ДЕКЕМВРИ/2020 година и ЈАНУАРИ/2021 година да изнесува НАЈМАЛКУ 30% во однос на:**
- **Месечниот просек на Вкупните приходи НАМАЛЕНИ за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење** остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар до крајот на месец **ОКТОМВРИ 2020 година**.

*б). За мартовска субвенција*

За добивање на финансиска поддршка за месец **МАРТ/2021 година, за физичко лице** кое врши самостојна дејност – барател на финансиска поддршка кое е запишано во соодветен регистар **(основан) ПОСЛЕ месец ЈАНУАРИ/ 2020 година**, година потребно да се утврди:

- **НАМАЛУВАЊЕТО на Месечниот просек на Вкупните приходи** од редовно работење, **НАМАЛЕНИ за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното**

**работење остварени во периодот НОЕМВРИ/ДЕКЕМВРИ/2020 година и ЈАНУАРИ/2021 година да изнесува НАЈМАЛКУ 30% во однос на:**

- **Месечниот просек на Вкупните приходи НАМАЛЕНИ за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење** остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар **до крајот на месец НОЕМВРИ/2020 година.**

***2.4.1. Пресметка за добивање на Финансиска поддршка за месец ФЕВРУАРИ/2021 година за работодавач – барател на финансиска поддршка, регистрирано ПОСЛЕ ЈАНУАРИ/2020 година***

**ПРИМЕР:** Друштвото **"АДБ"** основано на 01.04.2020 година, за период **XI-XII/2020 година и I/2021 година**, ја има следната структура на приходи:

***Табела 5***

***Пресметка на намалувањето на приходи за субвенција за месец Февруари/2021 година, за субјект основан на 10 ЈУНИ/2020 година***

| **Р.бр.** | **Опис** | **Остварен приход до 31.X.2020** | **Приход за XI,XII.20 и I/21** |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба на производи | 25.600.000 | 6.000.000 |
| 2 | Приходи од продажба на стоки | 64.000.000 | 11.600.000 |
| 3 | Приходи од услуги | 8.000.000 | 9.200.000 |
| 4 | Приходи од закупнини | 2.400.000 | 200.000 |
| 5 | Приходи од продажба на НПО | 6.000.000 | / |
| 6 | Приходи од отпис на обврски | 500.000 | 20.000 |
| 7 | Приходи од вредносни усогласувања | 1.000.000 | / |
| 8 | Приходи од наплатени пенали | 260.000 | / |
| 9 | Приходи од вишоци | 70.000 | / |
| 10 | Приходи од заштита од ризици | 400.000 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | Приходи од укинување на резервирања | 800.000 | |
| 12 | Приходи од камати и курсни разлики | 150.000 | 10.000 |
| 13 | Приходи од дивиденди | 2.000.000 | |
| 14 | **Вкупно:** | 111.180.000 | 27.030.000 |
| 15 | Еднократен приход (5+6+7+8+9+10+11+12+13) | 11.180.000 | 30.000 |
| 16 | Вкупен минус еднократен приход (14 - 15) | 100.000.000 | 27.000.000 |
| 17 | Месечен просечен приход К1(16/5) **/** К2( 16/3)) | **20.000.000** | **9.000.000** |

***% на намалување = <u>11.000.000 x 100</u> = 55%;***

***20.000.000***

***(11.000.000 = 20.000.000 - 9.000.000);***

***Субјектот се стекнува со право на финансиска поддршка за исплата на платите за месец февруари 2021 година во износ од 17.410,00 МКД, поради падот на приходите кој изнесува 55% (над 50,01 до 60%).***

***Бројот на месеците со кој се дели вкупниот приход од месецот на основање во 2020 заклучно со октомври 2020, во овој случај изнесува 5 (од VI.2020 до X.2020), делено со просечните приходи остварени месецот кој му претходи на месецот од 2021, за кој се бара финансиска поддршка.***

*2.4.2. Пресметка на финансиска поддршка за месец Март 2021 за работодавач, барател, регистриран после Јануари 2020 година*

*Табела 6*

*Пресметка на намалувањето на приходи за субвенција за МАРТ/2020 година, за субјект основан на 01 АПРИЛ/2020 година*

| Р. бр. | Опис | Остварен приход од 01.04 - 30.11/2020 | Остварен приход за 12/20 и 01,02/2021 |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба на производи | 95,830,768.00 | 5.000.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Приходи од продажба на стоки | 45,600,000.00 | 3.900.000,00 |
| 3 | Приходи од услуги | 9,200,000.00 | 100.000,00 |
| 4 | Приходи од закупнини | 2,600,000.00 | 0 |
| 5 | Приходи од продажба на НПО | 6,000,000.00 | 0 |
| 6 | Приходи од отпис на обврски | 520,000.00 | 0 |
| 7 | Приходи од вредносни усогласувања | 1,000,000.00 | 0 |
| 8 | Приходи од наплатени пенали | 260,000.00 | 0 |
| 9 | Приходи од вишоци | 70,000.00 | 0 |
| 10 | Приходи од заштита од ризици | 400,000.00 | 0 |
| 11 | Приходи од укинување на резервирања | 800,000.00 | 0 |
| 12 | Приходи од камати и курсни разлики | 160,000.00 | 5.000,00 |
| 13 | Приходи од дивиденди | 2,000,000.00 | 0 |
| **14** | **Вкупно:** | **164,440,768.00** | **9.005.000,00** |
| 15 | Еднократен приход (5+6+7+8+9+10+11+12+13) | 11,210,000.00 | 5.000,00 |
| 16 | Вкупен минус еднократен приход (14 - 15) | 153,230,768.00 | 9.000.000,00 |
| 17 | Месечен просечен приход (K1(16/8) **/** K2( 16/3)) | 19,153,846.00 | **3.000.000,00** |

***Во пресметката за утврдување на падот на приходите за субјектот кој е основан на 01.04.2020, остварениот приход се зема од денот на основањето во 2020 година.***

***Периодот изнесува осум месеци утврдени од ден на основање до 30.11.2020 година.***

***Просечниот месечен приход за основаните субјекти после месец 01 2020 година се дели со бројот на месеците на работење, почнувајќи од месецот на основање во 2020 година, заклучно со 30.11.2020 година.***

***% на пад на приходите = $\frac{16.153.846 \times 100}{19.153.846}$ =84,3373%;***

***(16.153.846 = 19.153.846 - 3.000.000);***

***Субјектот се стекнува со право на финансиска поддршка за исплата на платите за месец март 2020 година во износ од 21.776,00 МКД, за вработените за кои се исполнети и останатите услови, поради падот на приходите кој изнесува 84,34% (над 80%).***

***Табела 7***
***Пресметка на намалувањето на приходи за месец Март 2021 година, за субјект основан на 01 АПРИЛ/2020 година***

| **Р.бр.** | **Опис** | **Остварен приход од 01.04-30.11/2020** | **Остварен приход за XII.2020 и 01,02/2021** |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба на производи | 95.600.000 | 9.000.000 |
| 2 | Приходи од продажба на стоки | 36.500.000 | 8.000.000 |
| 3 | Приходи од услуги | 9.300.000 | 900.000 |
| 4 | Приходи од закупнини | 2.600.000 | 100.000 |
| 5 | Приходи од продажба на НПО | 6.000.000 | 0 |
| 6 | Приходи од отпис на обврски | 520.000 | 50.000 |
| 7 | Приходи од вредносни усогласувања | 1.000.000 | 0 |
| 8 | Приходи од наплатени пенали | 260.000 | 0 |
| 9 | Приходи од вишоци | 70.000 | 0 |
| 10 | Приходи од заштита од ризици | 400.000 | 0 |
| 11 | Приходи од укинување на резервирања | 800.000 | 0 |
| 12 | Приходи од камати и курсни разлики | 165.000 | 0 |
| 13 | Приходи од дивиденди | 2.000.000 | 0 |
| **14** | **Вкупно:** | **155.215.00** | **18.050.000** |
| 15 | Еднократен приход (5+6+7+8+9+10+11+12+13) | 11.215.000 | 50.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 | Вкупен минус еднократен приход (14 - 15) | 144.000.000 | 18.000.000 |
| 17 | Месечен просечен приход (К1(16/8) **/** К2( 16/3)) | **18.000.000** | **6.000.000** |

***Пресметка на пад на приходи согласно податоци од Табела 7:***

***% на пад на приходите = <u>12.000.000 x 100</u> =66,67%;***

***18.000.000***

***(12.000.000 = 18.000.000 - 6.000.000);***

***Субјектот се стекнува со право на финансиска поддршка за исплата на платите за месец Март 2021 година во износ од 18.865,00 МКД, за вработените за кои се исполнети и останатите услови, поради падот на приходите кој изнесува 66,67% (над 60,01%).***

### *2.5. Неисплаќање на дивиденда и награди за деловна успешност*

Работодавачот - барател на финансиска поддршка да не исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност, од 19.04.2021 до ден на исплата на платата за март/2021.

### *2.6. Највисоките плати над 120.000 МКД да не надминуваат над 10% од вработените*

**Најмногу 10% од вкупниот број** на вработени кај работодавачот-барател на финансиска поддршка да имаат поединечна **месечна нето плата над 120.000 денари месечно** по вработен, за месецот за кој се бара финансиска поддршка.

Работодавачот-барател на финансиска поддршка кој на повеќе од 10% од вкупниот број вработени им исплатува поединечна нето плата повисока од 120.000 денари за месецот за кој се бара финансиска поддршка, **не ги исполнува условите од првата реченица на оваа точка.**

## *2.7. Месечната нето плата на вработениот да не надминува 39.900,00 МКД*

Работодавач - барател на финансиска поддршка не може да користи финансиска поддршка за работник, доколку нето платата на работникот надминува 39.900,00 МКД месечно (гледано за секој месец одделно).

Износот од 39.900,00 МКД се однесува за **да не надминува 39.900,00 МКД за месец октомври, ноември и декември/2020 година и јануари/2021 година,** за поднесокот за субвенција на плата за месец **ФЕВРУАРИ И МАРТ/2021 година.**

Доколку платата на вработениот **е повисока од 39.900** денари за секој месец одделно, сразмерно на часовите на пријавено работно време (**полно или неполно работно време**), **не може да се стекне со субвенција по основ на плата**.

**Пример**: Вработениот "ТТ" (8 часовно работно време) ги има остварено следните нето плати за 10, 11, 12/2020 и 01/2021 година, поодделно:

- 10/2020 - Нето плата 40.000,00 МКД;
- 11/2020 - Нето плата 35.000,00 МКД;
- 12/2020 - Нето плата 35.000,00 МКД;
- 01/2021 - Нето плата 35.000,00 МКД;

**Вкупно: 145.000,00 МКД**

За вработениот "ТТ" работодавачот за **Февруари/2020** не се остварува право на субвенционирање на плата, од причини што **Октомвриската плата е над 39.900,00 МКД**, иако просечната плата за четирите месеци од 2020, изнесува 36.250 (40.000 + 35.000 + 35.000 +35.000 = 145.000 : 4 = 36.250).

Ако вработениот засновал работен однос за време пократко од четири месеци, нето платата на **работникот не треба да е повисока од 39.900 денари,** за секој месец одделно, за периодот за кој е пријавен во работен однос, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време).

### *2.8. За вработениот да не се користи ослободување од придонесите од ЗСО и од ДЛД, од проектот Македонија вработува*;

Доколку работодавачот, за соодветен вработен, за месецот за кој бара субвенционирање користи ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (за мерките од проектот „Македонија вработува"), за истиот нема право на субвенционирање на платите.

Работодавачот за месец Март 2021, може да користи субвенционирање на плата, доколку со месец Февруари 2021 била последната субвенција која му следувала од проектот „Македонија вработува".

Исклучувањето на субвенционирањето по двата основа се однесува исклучиво на месечно ниво, во поглед на активно субвенционирање на ослободувањето од ДЛД и придонеси од ЗСО. Исклучувањето не се однесува за месеците од задолжителниот период во кој вработениот треба да се задржи на работа.

### *2.9. Да не применува барање за субвенционирање за вработените на дополнително работење од член 121 од ЗРО*

Доколку субјектот вработува работник за дополнително работење, согласно со членот 121 од Законот за работните односи, за истиот не следува финансиска поддршка (дополнително работење член 121).

Работникот, кој работи полно работно време, може по исклучок да склучи договор за вработување со неполно работно време со друг работодавач, меѓутоа најмногу за десет часа неделно, со претходна согласност на работодавачите, каде што е вработен со полно работно време.

Обврзен составен дел на договорот за вработување за дополнително работење е договорот за начинот на остварувањето на правата и обврските од овој работен однос со оглед на правата и обврските на работникот кај работодавачот, каде што е вработен со полно работно време.

На работникот, кој склучува договор за вработување за дополнително работење, престанува да му важи договорот за вработување во согласност со овој закон, по изминувањето на договореното време, или ако е повлечена согласноста на работодавачот, каде што работникот е во работен однос со полно работно време.

### *3. ЗА КОИ СУБЈЕКТИ НЕ СЕ ОДНЕСУВА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕТО*

Финансиска поддршка за исплата на платите се предвидува за приватниот сектор на територија на РМ.

Субјектите од јавниот сектор не се во субјектите за кои е наменета финансиската поддршка за исплата на платите.

Согласно одредбите од член 4 став 2 од Законот, финансиска поддршка за исплата на платите, **не може да користи:**

- **Орган на државна и на локална власт и други државни органи основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон,**
- **Институција која врши дејност од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи, јавни претпријатија и трговски друштва основани од Република Северна Македонија,**
- **Општините, град Скопје и општините во град Скопје и**
- **Приватна агенција за вработување за работник, кој е отстапен кај претходно наведените работодавачи.**
- Работодавачот кој користи финансиска поддршка согласно овој закон, **неможе да користи и финансиска поддршка во 2021 година за исплата на плати преку бескаматни кредити.**
- Работодавачот **кој користел финансиска подршка** за исплата на плата **согласно Уредбата** со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од

коронавирусот COVID – 19, заради исплата на платите за месеците **Април, Мај и Јуни 2020 година** („Службен весник на Република Северна Македонија" 111/20, 113/20 и 154/20) и/или **Законот за финансиска поддршка** на работодавачите погодени од здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID – 19, заради исплата на платите за месеците **Октомври, Ноември и Декември 2020** година („Службен весник на Република Северна Македонија" 267 /20) **А НЕ ЈА ИСПЛАТИЛ ПЛАТАТА, не може да користи финансиска поддршка за исплата на платите за февруари/март 2021 година.**

### *4. ОСТВАРУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА*

Согласно член 7 од законот, работодавачот по поднесеното Барање на **Образец БФП - ИП/3** и потврдениот прием, поднесува МПИН со шифра 103 - исправка на МПИН.

Бидејки до 30 Април 2021 година е крајниот рок во кој се поднесува Барањето, УЈП има обврска да го потврди **најкасно во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето.**

Со комплетното Барање на **Образец БФП - ИП/3,** за работниците за кои побарува финансиска поддршка, во полето **3.4б. од МПИН образецот внесува шифра 5002.**

**Работодавачот кој истовремено може да користи друга мерка за субвенционирање** на социјалните придонеси и/или данок на доход **во полето 3.23 од МПИН** образецот ја внесува соодветната шифра за ослободување **и истата ја комбинира (користи истовремено) со шифрата 5002 од поле 3.4б. (се однесува на субјектите кои ќе користат субвенционирање на придонесите од зголемена плата од 600 до 6.000 МКД).**

По обработка на МПИН образецот, УЈП го информира работодавачот - барател на финансиска поддршка за вкупниот износ на финансиската поддршка, **што ќе биде исплатена за соодветниот месец.**

УЈП испраќа известување до Владата на РС Македонија за работодавачите кои ги исполниле условите за финансиска поддршка за исплата на платите.

Известувањето содржи податоци за: **ЕДБ/ЕМБГ на работодавачот - даночен обврзник, назив/име и презиме, адресни податоци, износ на одобрената финансиска поддршка и трансакциска сметка на работодавачот - корисник на финансиска поддршка.**

Износот на финансиска поддршка **се исплатува во рок од 5 дена од прифатениот МПИН Образец преку Владина Програма** за финансиска поддршка на работодавачи погодени од здравствено-економската криза предизвикана од корона-вирусот COVID-**19 на сметка на работодавачот**- корисник на финансиска поддршка, кој ги исполнил условите, согласно со известувањето од УЈП.

Роковите за поднесување на МПИН образецот до Управата за јавни приходи и исплатата на платата, данокот на личен доход и придонесите од задолжително социјално осигурување се уредени со Законот за работните односи, Законот за данокот на личен доход и Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

## *5. ВРАЌАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА*

Средствата кои субјектот ги добил како финансиска поддршка за исплата на платите се враќаат доколку субјектот не ги исполнил општите услови за стекнување со субвенција и посебните услови кои има обврска да ги исполни по добивањето на финансиската поддршка (субвенцијата).

### *5.1. Општи услови кои важат за враќање на добиените средства за финансиска поддршка*

Работодавачот кој користел финансиска поддршка за исплата на плати **има обврска да ги врати** добиените финансиски средства доколку се утврди дека **не ги испол-нувал** условите за добивање на субвенцијата предвидени со Законот.

Средства ги враќа **во целост**, заедно **со камата** согласно со Законот за даночната постапка, доколку по изврше-на контрола од страна на УЈП и/или Државниот инспекторат за труд се утврди дека работодавачот не ги исполнил општите условите со член 8 став 3, член 3 став 3, член 4 и член 5 став 1 од Законот.

Согласно одредбите од член 6 став 1 од Уредбата се определуваат условите кои наложуваат враќање на применете средства од субвенцијата за финансиска поддршка за исплата на платите.

Условите се истите кои се дадени како горни или долни граници според кои субјектите може да се стекнат со субвенцијата (општите услови за стекнување со субвенција).

Субјектот (член 8 став 3) ги враќа субвенционираните средства, ако не ги исполнил општите услови за добивање на субвенција од член 3 став 3, член 4, член 5 став 1 или не ги исполнил условите по стекнување со поддршката.

Односно, субјектот **ги враќа 100% добиените средства** од субвенцијата, **доколку остварил**, согласно:

- ✓ член 3 став 3 (намалување помалку од 30% на приходите, исплатил дивиденда, исплатил бонус или друга награда со шифра 102 во МПИН, го намалил бројот на вработени и отпуштил вработени над бројот на вработени од август 2020, исплатил плати над 120.000 на повеќе од 10% од вработените);
- ✓ член 4 (исплатил плата над 39.900) за октомври, ноември и декември 2020 година и јануари 2021 година за кој поднел барање за субвенционирање, користи ослободување од проектот "Македонија вработува", ја користи субвенцијата за работници за прекувремено работење)и
- ✓ член 5 став 1 од Законот, кумулативни акумулирани добивки поголеми од 600.000.000 денари за 2017, 2018 и 2019 година ( не се однесува за работодавачите кои имаат повеќе од 2.000 вработени).

### *5.2. Неисполнување посебни услови и враќање на примена субвенција*

За времетраење на финансиската поддршка согласно законот и **два месеци после завршување на месецот за кој е користена** финансиска поддршка, бројот на вработени кај работодавачот кој користи финансиска поддршка за исплата на плати, во однос на бројот на вработени во месецот, за кој користел финансиска поддршка, **не смее да се намалува**, освен заради:

- **Пензионирање и смрт на работник,**
- **Откажување на договорот за вработување од страна на работникот,**
- **Откажување на договорот за вработување без отказен рок од страна на работодавачот, поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски,**
- **Спогодбено преземање на работник,**
- **Престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска пресуда и**
- **престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа.**

Согласно член 8 ставот 3, вкупниот број на вработени кај работодавачот - корисник на финансиска поддршка не смее да се намали **за повеќе од**:

- ✓ **15% кај работодавач кој имал до 50 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка,**
- ✓ **10% кај работодавач кој имал од 51 до 250 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка и**
- ✓ **5% кај работодавач кој имал над 250 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка.**

## *6. ВРАЌАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА ДО 50% ОД ПРИМЕНАТА ПОДДРШКА*

Согласно член 9 од Законот, работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати, **има обврска примените финансиски средства да ги врати** во Буџетот на РСМ, **но најмногу до износот од 50%од примената поддршка.**

**За враќање не се** поднесува Барање за пресме-тување на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати до УЈП, како што беше предвидено со претходните циклуси на поддршка од 2020 година.

**Рокот за враќање** на финансиска поддршка е опредлен **до 15 февруари 2022** година, врз основа на Решението за враќање на субвенцијата доставено од страна на УЈП.

### *6.1. Претворање на финансиската поддршка во ГРАНТ*

Делот **од 50%** од примените финансиски средства за исплата на плати, кој треба да се врати во Буџетот на РС Македонија, **е неповратен** за работодавачот корисник на финансиска поддршка **доколку примените финансиски средства од искористената финансиска поддршка за плати, до крајот на 2021 година, ги искористи за инвестициски вложувања.**

**Под инвестициски вложувања, односно вложувања во материјални средства** (*недвижности, постројки и опрема*), вклучително и вложувањата во материјални средства набавени преку финансиски лизинг, како и во нематеријални средства (*компјутерски софтвер и патенти*) за проширување на дејноста.

Од инвестициски вложувања се исклучени вложувања во патнички автомобили, мебел, теписи, аудио визуелни средства, бела техника, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други вложувања, кои служат за административни цели.

Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка и го исполнил условот за претворање на финансиската поддршка во ГРАНТ, до УЈП доставува Барање за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант **најдоцна до 15.01.2022 година.**

Со приложување **на фактури** за извршените набавки **и изводи** од носител на платен промет, **се докажува извршеното плаќање на фактурите, задолжително со поднесокот за претворање во грант.**

**Враќањето на износот, ќе се изврши на два месечни рати, без камата, во месеците Февруари и Март/2022 година.**

## *7. ГЛОБИ, САНКЦИИ, ПРЕКРШОЧНИ И КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ*

За работодавачот – корисник на финансиска поддршка кој дал Изјава согласно член 3 став (1) од Законот, а не ги исполнил условите од член 3 став (3) и член 4 од законот,за стекнување со право на финансиска поддршка ќе се применуваат одредбите од Кривичниот законик.

### *7.1.Глоби за правните лица*

**Глоба во износ од 500 до 1.000 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на микро правно лице, **од 500 до 2.000 евра** во денарска противвредност на мало правно лице, **од 1.000 до 6.000 евра** во денарска противвредност за средно правно лице и **од 1.000 до 10.000 евра** во денарска противвредност на големо правно лице:

- ако правното лице постапува спротивно на член 8 став (1) од Законот односно за вработениот за кој примил финансиска поддршка, исплатил пониска плата од износот на примената финансиска поддршка.
- ако правното лице постапува спротивно на член 8 став (2) од овој закон, односно не ја исполни обврската за враќање на добиените финансиски средства во целост, заедно со камата за јавни давачки, по извршена контрола од страна на Управата за јавни приходи и/или Државниот инспекторат за труд поради неисполнетост на условите од членот 3 став (3), членот 4 и членот 5 ставот (1) од Законот.

### *7.2. Глоба за физичките лица*

За претходно наведените глоби на правни субјекти, се пропишани и глобите за физички лица за истите основи.

**Глоба во износ од 100 до 250 евра** ќе му се изрече за сторен прекршок на физичкото лице:

- ако физичкото лице постапува спротивно на член 8 став (1) од Законот, односно за вработениот за кој примил финансиска поддршка, исплатил пониска плата од износот на примената финансиска поддршка.
- ако физичкото лице постапува спротивно на член 8 став (2) од Законот, односно не ја исполни обврската за враќање на добиените финансиски средства во целост, заедно со камата за јавни давачки, по извршена контрола од страна на Управата за јавни приходи и/или Државниот инспекторат за труд поради неисполнетост на условите од членот 3 став (3), членот 4 и членот 5 став (1) од Законот.

### *7.3. Глоби за одговорните лица за прекршоците*

За деловните субјекти за кои се пропишани глоби од членот 11 став 1 и 2, се предвидени и глоби за одговорните лица.

**Глоба во износ од 100 до 500 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок **на одговорното лице во правното лице** од став (1) на ако:

- Постапува спротивно на член 8 став (1) од Законот, односно за вработениот за кој примил финансиска поддршка, исплатил пониска плата од износот на примената финансиска поддршка.
- Постапува спротивно на член 8 став (2) од Законот, односно не ја исполни обврската за враќање на добиените финансиски средства во целост, заедно со камата за јавни давачки, по извршена контрола од страна на Управата за јавни приходи и/или Државниот инспекторат за труд поради неисполнетост на условите од членот 3 став (3), членот 4 став (2) и членот 5 став (1) од Законот.

**Прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.**

# БАРАЊЕ
## за финансиска поддршка за исплата на платите на работниците

**БФП-ИП/3**

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Датум и број на прием

### А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Работодавач - правно лице ☐ Работодавач - самовработено лице за своите вработени

### Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Месец Година

### В. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

а) Месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот ноември, декември 2020 година и јануари 2021 година, односно декември 2020 година, јануари и февруари 2021 година намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка во однос на месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот ноември, декември 2019 година и јануари 2020 година, односно декември 2019 година, јануари и февруари 2020 година, намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење се намалени за:

______ %

* [illegible]

б) Бројот на вработени во месецот за кој се бара финансиска поддршка е ист или поголем во однос на бројот на вработени заклучно со месец декември 2020 година, со исклучок на одјавените работници по оправданите основи на престанок на работен однос освен за работодавачот-барател на финансиска поддршка кој врши дејност наведена согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2: угостителска дејност (шифра 56 - дејности за подготовка и служење на храна и шифра 55 - објекти за сместување) и транспорт (шифра 49 - копнен транспорт и цевоводен транспорт) кој поради здравствените протоколи има затворено најмалку 50% од своите капацитети преку кои го остварува прометот

в) Не е исплатена дивиденда на сопствениците и не е извршена исплата по основ на награда за деловна успешност или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот - барател на финансиска поддршка од денот на влегувањето во сила на Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот covid- 19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година, до денот на исплатата на платата за месец март 2021 година

г) Работникот за кого се бара финансиска поддршка, нема остварено нето плата поголема од 39.900 денари за месеците октомври, ноември и декември 2020 и јануари 2021 година, за секој месец одделно и сразмерно на часовите на пријавено работно време

д) Не се исплатува нето плата повисока од 120.000 денари за месецот за кој се бара финансиската поддршка на повеќе од 10% од вкупниот број на вработени

ѓ) За работникот за кого се бара финансиска поддршка, не се користи ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (за мерките од проектот "Македонија вработува")

е) Работникот за кого се бара финансиска поддршка не е работник пријавен на дополнително работно време согласно член 121 од Законот за работните односи

ж) Во годишната сметка и финансиските извештаи за 2017, 2018 и 2019 година, имам остварено кумулативно акумулирани добивки помали од 600.000.000 денари, односно во годишната сметка и финансиските извештаи за 2017, 2018 и 2019 година имам остварено кумулативно акумулирани добивки поголеми од 600.000.000 денари и имам повеќе од 2.000 вработени лица во месецот за кој користам финансиска поддршка

з) За времетраење на финансиската поддршка и два месеца после месецот за кој е користена финансиската поддршка, бројот на вработени, во однос на бројот на вработени во месецот за кој ќе користам финансиска поддршка, нема да се намали освен согласно условите дефинирани во Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот covid- 19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година

### Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

☐ **Ги разбирам горенаведените услови под кои се дозволува финансиската поддршка и под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека точно се пополнети бараните податоци и ги исполнувам горенаведените услови.**

1/3

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

| | |
|---|---|
| Податоци за | |

2/3

# СУБВЕНЦИИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ ЗА ФЕВРУАРИ И МАРТ/2021 ГОДИНА

***Со цел да им се овозможи понатамошна финансиска поддршка на физичките лица вршители на самостојна дејност за полесно справување со здравствено-економската криза, мерката за финансиска подд-ршка, односно исплата на финансиски средства на оваа категорија на лица продолжи со примена и за месеците ФЕВРУАРИ И МАРТ/2021 година.***

### *ВОВЕД*

Целта на Законот за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност, погодени од здравствено - економската криза предизвикана од вирусот **COVID-19** обја-вен во („Службен весник на РСМ” 85/2021), за месеците **ФЕВРУАРИ И МАРТ/2021 година**, е обезбедување на финансиска поддршка за вршителите на самостојна дејност, согласно петтиот пакет на мерки на Владата на РС Македонија.

Согласно Законот, се уредуваат условите и постапката за добивање на финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот **COVID -19,** за месеците **ФЕВРУАРИ И МАРТ/2021 година.**

**Физичко лице кое врши самостојна дејност е:**

- **Трговец поединец,**
- **Физичко лице кое врши земјоделска дејност**,

- **Лице кое врши занаетчиска дејност и**
- **Лице кое врши услуги, кое остварува доход од вршење дејност и е запишано во соодветен регистар.**

Финансиската поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност, ќе се спроведува преку Владина Програма за финансиска поддршка на физичките лица кои вршат дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 за исплата на финансиски средства **на трансакциска сметка** преку која физичкото лице барател на финансиска поддршка за исплата на финансиските средства за месеците **ФЕВРУАРИ И МАРТ 2021** година, врши трансакции за дејноста.

## *1. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА*

**ПРЕДМЕТ** на финансиска поддршка е исплата на финансиски средства за месеците **ФЕВРУАРИ И МАРТ/2021 година,** во износ **од 17.410,00 денари МЕСЕЧНО** за физичкото лице кое врши самостојна дејност **БАРАТЕЛ на финансиска поддршка.**

### *1.1. Поднесување на барање за добивање на финансиска поддршка*

Согласно член 3 од *Законот*, физичкото лице кое врши самостојна дејност - ***Барател на финансиска поддршка*** поднесува **БАРАЊЕ за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства** со **ИЗЈАВА** за исполнетост на условите до Управата за јавни приходи, (***во продолжение УЈП),*** на **Образецот (БФС-СВД/3).**

Барањето, физичко лице кое врши самостојна дејност – ***барател на финансиска поддршка***, го поднесува преку системот **Е-ПДД** најдоцна до **30 АПРИЛ/2021 година,** а комплетноста на Барањето го потврдува УЈП, **во рок од 3 (три), дена од денот на приемот на Барањето.**

**Кон Барањето, физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по:**

- **ВИСТИНСКИ ДОХОД** - ***Барател на финансиска поддршка*** **дава ИЗЈАВА за исполнетоста на условите**, **од ставот (4) од членот 3 и членовите 4 и 5 од Законот,** а физичко лица кое врши самостојна дејност ***и*** се оданочува според
- Утврден годишен паушален нето доход, **дава ИЗЈАВА за исполнетоста на условите, од членовите 4 и 5 од Законот.**

**НАПОМЕНА: Финансиската поддршка не се однесува за вршители на дејност регистрирани по 31.10.2020 година.**

### *1.2. Услови за добивање на финансиска поддршка*

Физичкото лице кое врши самостојна дејност –Барател на финансиска поддршка **НЕ поднесува МПИН Пријава** за добивање на Финансиска поддршка, но доколку бара Финанасиска поддршка за своите вработени **понесува Барање на Образецот БФИП/3** – Барање за исплата на платите на работниците и поднесува **МПИН Пријава** со пополнување **на поле 3.4б и Шифра 5002.**

### *1.3. Услови за добивање на финансиска поддршка*

Согласно член 3 став (4) од Законот, за месеците **ФЕВРУАРИ и МАРТ/2021 година,** физичкото лице кое врши самостојна дејност - ***барател на финансиска поддршка***, а се оданочува според **ВИСТИНСКИ ДОХОД**, регистриран **ПРЕД ЈАНУАРИ/2020** година, **треба да ги исполнува следниот услов:**

- **Месечниот просек на вкупните приходи** од редовното работење остварени во периодот од **НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ/2020 година и ЈАНУАРИ/2021 година, односно ДЕКЕМВРИ/2020 година, ЈАНУАРИ И ФЕВРУАРИ/2021 година** ***да се намалени НАЈМАЛКУ*** за **30%** во однос на **МЕСЕЧНИОТ ПРОСЕК на вкупните**

**приходи** од ред-овното работење остварени - во периодот од **НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ//2019 година и ЈАНУАРИ/2020 година, односно ДЕКЕМВРИ/2019 година, ЈАНУАРИ И ФЕВРУАРИ/2020 година.**

За физичко лице кое врши самостојна дејност – **БАРАТЕЛ** на финансиска поддршка, регистирано **ПОСЛЕ ЈАНУАРИ 2020 година**, треба да го исполнува следниот услов:

- **Намалувањето на вкупните приходи** од редовното работење остварени во периодот **НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ//2020 година и ЈАНУАРИ/2021 година, односно ДЕКЕМВРИ/2020 година, ЈАНУАРИ и ФЕВРУАРИ/2021 година** да изнесува **НАЈМАЛКУ 30%** во однос на **МЕСЕЧНИОТ ПРОСЕК** на **вкупните приходи од редовното работење остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар до крајот на месец ОКТОМВРИ, односно НОЕМВРИ/2020 година.**

За физичко лице **кое во 2020 година се оданочувало по вистински доход,** а во **2019 година се оданочувало според утврден годишен паушален нето-доход**, намалувањето на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот **Ноември, Декември 2020** година и **Јануари 2021** година, односно **Декември 2020** година, **Јануари и Февруари 2021** год-ина да изнесува **најмалку 30%** во однос на **Месечниот просек на вкупните приходи** од редовното работење остварени **од денот кога физичкото лице кое врши самостојна дејност започнало да се оданочува по вистински доход до крајот на месец Октомври, односно Ноември 2020 година.**

### *1.4. Финансиска поддршка за месец ФЕВРУАРИ/МАРТ2021 година за физичко лице регистрирано ПРЕД ЈАНУАРИ/2020 година*

За добивање на финансиска поддршка за месец **ФЕРУАРИ/2021 година, за физичко лице** кое врши само-стојна дејност – барател на финансиска поддршка кое е запишано во соодветен регистар **(основан) ПРЕД месец ЈАНУАРИ/ 2020 година**, година потребно да се утврди:

- **Месечниот просек на Вкупните приходи** од редовно работење остварени во периодот **НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ/2020 година и ЈАНУАРИ/2021 година**, да се **НАМАЛЕНИ НАЈМАЛКУ** за **30% во однос на**

---

- **Месечниот просек на Вкупните приходи** од редовно работење остварени во периодот **НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ/2019 година и ЈАНУАРИ/2020 година.**

За добивање на финансиска поддршка за месец **МАРТ/2021 година, за физичко лице** кое врши самостојна дејност – барател на финансиска поддршка кое е запишано во соодветен регистар **(основан) ПРЕД месец ЈАНУАРИ/ 2020 година**, година потребно да се утврди:

- **Месечниот просек на Вкупните приходи** од редовно работење остварени во периодот **ДЕКЕМВРИ/2020 година, ЈАНУАРИ и ФЕВРУАРИ/2021 година**, да се **НАМАЛЕНИ НАЈМАЛКУ** за **30% во однос на**

---

- **Месечниот просек на Вкупните приходи** од редовно работење остварени во периодот **ДЕКЕМВРИ/2019 година, ЈАНУАРИ и ФЕРУАРИ 2020 година.**

***1.4.1. Пресметка за добивање на Финансиска поддршка за месец ФЕВРУАР/2021 година за физичко лице регистрирано ПРЕД ЈАНУАРИ/2020 година***

**ПРИМЕР: 1. Физичко лице “НП” кое врши самостојна дејност регистрирано ПРЕД ЈАНУАРИ/2020 година, бара финансиска поддршка за месец ФЕВРУАРИ/2021 година, врз основа на остварените Вкупни приходи.**

| Период | Вк.приходи од редовна работа | Период | Вк.приходи од редовна работа |
|---|---|---|---|
| XI/2020 | 91.000 | XI/2019 | 130.000 |
| XII/2020 | 45.000 | XII/2019 | 95.000 |
| I/2021 | 64.000 | I/2020 | 75.000 |
| Вкупно | 200.000 | Вкупно | 300.000 |

| | |
|---|---|
| **1. Вкупно приходи од редовно работење остварени за месеците XI, XII/2020 и I/2021 година** | **200.000** |
| **2. Месечен просек на вкупни приходи од редовно работење за XI-XII/2020 и I/2021 година (200.000:3)** | **66.667** |
| **1. Вкупно приходи од редовно работење остварени за месеците XI, XII/2019 и I/2020 година** | **300.000** |
| **2. Месечен просек на вкупни приходи од редовно работење за XI, XII/2019 I I/2020 година (300.000:3)** | **100.000** |

**ПРЕСМЕТКА:**

$$\frac{100.000 - 66.667}{100.000} \times 100 = 33,33\%$$

**НАПОМЕНА: Според наведениот пример вршителот на дејност ГО ИСПОЛНУВА УСЛОВОТ за добивање на Финансиска поддршка за месец ФЕВРУАРИ/2021 година, бидејќи Месечниот просек на Вкупите приходи од редовна работа за НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ/2020 година и ЈАНУАРИ/2021 во однос на Месечниот просек на Вкупните приходи од редовна работа за период НОЕМВРИ, ДЕКЕМ-ВРИ/2019 година и ЈАНУАРИ/2020 Е НАМАЛЕН за 33,00%. и се повеќе од најмалку 30%.**

### *1.5. Финансиска поддршка за месец ФЕВРУАРИ/МАРТ2021 година за физичко лице регистрирано ПОСЛЕ ЈАНУАРИ/2020 година*

За добивање на финансиска поддршка за месец **ФЕВРУАРИ/2021 година, за физичко лице** кое врши самостојна дејност – барател на финансиска поддршка кое е запишано во соодветен регистар **(основан**) **ПОСЛЕ месец ЈАНУАРИ/ 2020 година**, година потребно да се утврди:

- **НАМАЛУВАЊЕ на Вкупните приходи од редовно работење** остварени во периодот **НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ//2020 година, и ЈАНУАРИ/2021 година за НАЈМАЛКУ 30%** во однос на

---

- **МЕСЕЧНИОТ ПРОСЕК** на **вкупните приходи** од редовното работење остварени **од денот на запишувањето** во соодветен регистар **до КРАЈОТ на месец ОКТОМВРИ/2020 година.**

За добивање на финансиска поддршка за месец **МАРТ/2021 година, за физичко лице** кое врши самостојна дејност – барател на финансиска поддршка кое е запишано во соодветен регистар **(основан**) **ПОСЛЕ месец ЈАНУАРИ/ 2020 година**, година потребно да се утврди:

- **НАМАЛУВАЊЕ на Вкупните приходи од редовно работење** остварени во периодот **ДЕКЕМВРИ/2020 година, ЈАНУАРИ и ФЕВРУАРИ/2021 година за НАЈМАЛКУ 30%** во однос на

---

- **МЕСЕЧНИОТ ПРОСЕК** на **вкупните приходи** од редовното работење остварени **од денот на запишувањето** во соодветен регистар **до КРАЈОТ на месец НОЕМВРИ/2020 година.**

### *1.5.1. Пресметка за добивање на Финансиска поддршка за месец ФЕВРУАР/2021 година за физичко лице регистрирано ПОСЛЕ ЈАНУАРИ/2020 година*

**ПРИМЕР: 1. Физичко лице “НП” кое врши самостојна дејност регистрирано во месец МАЈ/2020 година, бара финансиска подршка за месец ФЕВРУАРИ/2021 година, врз основа на остварените приходи во 2020 и 2021 година.**

| Период | Вк.приходи од редовна работа | Период | Вк.приходи од редовна работа |
|---|---|---|---|
| V/2020 | 450.000 | XI/2019 | 85.000 |
| VI/2020 | 550.000 | XII/2019 | 77.000 |
| VII/2020 | 480.000 | I/2020 | 38.000 |
| VIII/2020 | 380.000 | | / |
| IX/2020 | 275.000 | | / |
| X/2020 | 215.000 | | / |
| Вкупно | 2.350.000 | Вкупно | 200.000 |

| | |
|---|---|
| 1. Вкупно приходи од редовно работење за месец XI,XII/2020 и I/2021 година | 200.000 |
| 2. Вкупно приходи за месец од Мај/2020 до Октомври/2020 година | 2.350.000 |
| 2. Број на месеци од од Мај/2020 до Октомври/2020 година | 6 |
| 3. Месечен просек на Вкупни приходи од од V - X/2020 година (2.350.000:6) | 391.667 |

**ПРЕСМЕТКА**:

$$\frac{391.667 - 200.000}{391.667} \times 100 = 48{,}89\%$$

**НАПОМЕНА: Според наведениот пример, вршителот на дејност го исполнува условот за добивање на Финансиска поддршка, во висина од 17.4710,00 денари за месец Февруари/2021 година бидејќи Вкупните приходи од редовна работа за перод од XI, XII/2020 и I/2021 година, во однос на Месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени од денот на ЗАПИ-ШУВАЊЕТО во соодветен регистар од месец V/2020 до месецот X/2020 година, изнесува 48,89% што е поголемо намалувањето на вкупните приходи од најмалку 30% .**

### *1.6. Неможност за добивање на финансиска поддршка*

Согласно член 4 од Законот, финансиската поддршка не може да оствари физичко лице вршител на самостојна дејност кое се оданочува по **– ВИСТИНСКИ ДОХОД и кое во 2020 година на ГОДИШНО НИВО** има искажано Даночна основа во износ поголем од **478.800 денари**, како резултат на остварениот нето-доход пред оданочување **зголемен за непризнаени расходи за даночни цели**, односно физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува **според утврден Годишен паушален нето - доход** и кое во 2020 година има утврден **годишен паушален нето - доход поголем од 478.800 денари.**

Согласно член 5 од Законот, за времетраење на финансиската поддршка **и четири месеци по месецот** за кој се користи финансиска помош**,** физичкото лице кое врши самостојна дејност – корисник на финансиска поддршка **не може да престане со вршење на дејноста, освен во случај на ПЕНЗИОНИРАЊЕ И СМРТ на физичкото лице.**

## *2. ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОД-ДРШКА*

Согласно Член 6 од Законот, **УЈП, ја известува Владата** на РС Македонија за физичките лица кои вршат самостојна дејност - ***баратели на финансиска поддршка,*** кои ги исполниле условите за финансиска поддршка **за ИСПЛАТА на финансиски средства.**

**Износот на финансиска поддршка во износ од 17.410,00 денари, се исплатува во рок од 10 десет дена од денот на поднесување на комплетно барање,** согласно со П**рограмата** за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, **на трансакциска сметка** преку која физичкото лице **кое врши самостојна дејност** врши трансакции за дејноста, за исплата на финансиски средства за месеците **ФЕВРУАРИ И МАРТ/ 2021 година**, согласно со известувањето на УЈП.

**НАПОМЕНА: За исплата на финансиската поддршка, физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по ВИСТИНСКИ ДОХОД - *барател на финансиска поддршка* и физичко лица кое врши самостојна дејност и се оданочува според утврден ГОДИШЕН ПАУШАЛЕН НЕТО ДОХОД, треба да ги исполни дадените услови во Законот.**

### *3. ВРАЌАЊЕ НА ДОБИЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА*

Согласно член 7 од Законот, Физичкото лице кое врши самостојна дејност и кое користело финансиска поддршка за исплата на финансиски средства согласно Законот, **должно е да ги врати добиените финансиски средства во ЦЕЛОСТ, заедно со КАМАТА утврдена согласно Законот за Даночна постапка која изнесува 0,03%,** доколку по извршена контрола од страна на УЈП и/или Државниот инспекторат за труд се утврди дека физичкото лице кое врши самостојна дејност, **НЕ ГИ ИСПОЛНИЛО УСЛОВИТЕ за добивање на финансиска подршка.**

Физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по **ВИСТИНСКИ ДОХОД -** кое го искористило правото на финансиска поддршка, согласно Законот, **има обврска 50%** од примените финансиски средства **да ги врати** во Буџетот на РС Македонија, **по доставеното решение од страна на УЈП, најдоцна до 15 февруари/2022 година.**

Враќањето на износот, **ќе се изврши на ДВЕ месечни рати, без камата, во месеците ФЕВРУАРИ и МАРТ2020 година.**

### *3.1. Претворање на финансиската поддршка во ГРАНТ*

Согласно член 8 став (3) делот **од 50% од примените финансиски средства,** кој согласно Законот треба да се вратат во Буџетот на РСМ **е НЕПОВРАТЕН за физичкото лице** кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход, **доколку примените финансиски средства** од искористената финансиска поддршка, **до крајот на 2021** година **ги искористи** за инвестициски вложувања односно вложувања во материјални средства (***недвижности, постројки и опрема***), вклучително и вложувањата во материјални средства набавени преку финансиски лизинг, како и во нематеријални средства ***(компјутерски софтвер и патенти***) за проширување на дејноста, **ОСВЕН ВЛОЖУВАЊА** во патнички автомобили, мебел, теписи, аудио визуелни средства, бела техника, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други вложувања кои служат за административни цели.

Физичкото лице кое го искористило правото на финансиска поддршка и ги исполнило условите за добивање на финансиска поддршка до УЈП доставува **Барање за претворање на примената финансиска поддршка во грант** најдоцна 15 Јануари 2022 година, со приложување на фактури за извршените набавки и изводи од носител на платен промет како доказ за извршеното плаќање на фактурите.

За физичкото лице кое врши самостојна дејност-барател на финансиска поддршка **кое дало Изјава ЗА исполнување на условите**, а не ги исполнило ќе се применуваат одредбите од Кривичниот законик**.**

**НАПОМЕНА: Физичкото лице кое врши самостојна дејност и користи финансиска поддршка согласно законот, неможе да користи и финансиска поддршка во 2021 година за исплата на плати преку бескаматни кредити.**

### *3.2. Поднесување на Барање за финансиска поддршка за исплата на финансискаи средства на физички лица, кои вршат самостојна дејност*

За остварување на правото, физичкото лице кое врши самостојна дејност поднесува Барање за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица **(Образец <u>БФС-СВД/3</u>) со Изјава за исполнетост на условите наведени во Законот.**

Поднесувањето на барањето се врши **до 30 април 2021** година преку **системот <u>е-Персонален данок</u>** - со најава во подменито **Доход од вршење самостојна дејност и со внес на барањето преку модулот <u>БФС-СВД/3.</u>**

Доколку барателот е физичко лице кое врши самостојна дејност **и се оданочува според утврден годишен паушален нето доход и нема кориснички профил** во **<u>е-Даноци</u>**, за да може да го поднесе барањето треба да се најави на системот **<u>е-Персонален данок</u>** со корисничкото име и лозинка кои ги користи како физичко лице.

Доколку не е корисник ниту на системот **е-Персонален данок,** за да може да поднесе барање треба да се регистрира како корисник на системот **<u>е-Персонален данок</u>.**

- Барателот - физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува **според вистински доход**, треба да ги означи **СИТЕ** наведени услови во рубриката В од образецот;
- Барателот - физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува **според утврден годишен паушален нето-доход,** треба да ги означи условите **под б) и в)** во рубриката В во образецот.

Финансиската помош се исплатува на трансакциската сметка на која се вршат трансакциите на дејноста, а за физичките лица кои вршат дејности на верските заедници и се оданочуваат според паушално остварен нето-доход, се исплаќаат на личната трансакциска сметка.

**Финансиската поддршка не се однесува за вршители на дејност регистрирани по 31.10.2020 година.**

БФС-СВД/3

# БАРАЊЕ

**за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност**

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Единствен матичен број на граѓанинот | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |
| Трансакциска сметка | |

## А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според вистински доход

☐ Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според утврден годишен паушален нето доход

## Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Месец ____ Година ____

## В. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

☐ а) Месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот ноември, декември 2020 година и јануари 2021 година, односно декември 2020 година, јануари и февруари 2021 година се намалени најмалку за 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот од месец ноември, декември 2019 година и јануари 2020 година, односно декември 2019 година, јануари и февруари 2020 година.

** [illegible]*

** [illegible]*

☐ б) Остварениот нето доход пред оданочување зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во даночниот биланс за 2020 година, односно утврдениот паушален нето-доход за 2020 година не е поголем од 478.800 денари.

☐ в) За времетраење на финансиската поддршка и четири месеци по месецот за кој се користи финансиската помош, нема да престанам со вршење на дејноста, освен во случај на пензионирање или смрт на физичкото лице.

## Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

☐ **Изјавувам дека ги разбирам горенаведените услови под кои се дозволува финансиската поддршка и под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека точно се пополнети бараните податоци и дека ги исполнувам условите**

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

1/2

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл. правник Христина Игнатоска*

## ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТНИКОТ И РАБОТОДАВАЧОТ

*При престанување на работниот однос работодавачот е должен, најдоцна во рок од три дена, да му ги врати на работникот сите негови оригинали на документи и да му издаде потврда за видот на работата што ја вршел. Работодавачот не смее во потврдата да наведе ништо што би му го отежнало на работникот склучувањето на нов договор за вработување.*

### *ВОВЕД*

Со Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" 62/05; …267/20) *во натамошниот текст ЗРО*, се уредува начинот на објавување на оглас за работа, засновање на работен однос, склучување на договор за работа, права и обврски на работник и работодавач, паузи, одмори, плати на вработените како и отказ на договорот за работа.

Според ЗРО, договорот за вработување престанува да важи:

- ✓ со изминување на времето за коешто бил склучен;
- ✓ со смрт на работникот или работодавачот (физичко лице);
- ✓ поради престанување на работодавачот согласно со закон;
- ✓ со спогодбено раскинување;
- ✓ со отказ;
- ✓ со судска пресуда и
- ✓ во други случаи утврдени со закон.

Договорните страни можат да го откажат договорот за вработување со и без отказен рок. Секоја од страните може да го откаже договорот за вработување само во целост. Отказот на договорот за вработување задолжително се изрекува во писмена форма. Работодавачот е должен писмено да го образложи откажувањето на договорот, како и да му укаже на работникот на правната заштита и да го запознае со неговите права од осигурување во случај на невработеност, согласно со закон.

Отказот на договорот за вработување мора да и биде врачен на договорната страна, на која и се откажува договорот за вработување. Отказот, работодавачот е должен да му го врачи **лично** на работникот по правило *во просториите на работодавачот*, односно **на адресата** на *живеалиштето, односно престојувалиштето, од кое работникот дневно доаѓа на работа.*

Ако работникот не може да се пронајде на адресата на престојувалиштето од кое дневно доаѓа на работа (освен во случаите на оправдано отсуство од работа) или нема трајно или времено престојувалиште во РМ или одбие врачување, откажувањето на договорот за вработување *се објавува на огласната табла во седиштето на работодавачот*. По изминувањето на осум работни дена од објавувањето на огласната табла, се смета дека врачувањето е извршено.

## *1. ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТНИКОТ*

Според член 71 ст. 1 од ЗРО работникот може да го откаже договорот за вработување, ако писмено изјави дека сака да го откаже договорот за вработување.

Работникот и работодавачот можат да го откажат договорот за вработување во случаи, односно од причини определени со закон, колективен договор, правилата за работниот ред и дисциплина и договорот за вработување.

Работникот може по истекот на на три дена откако претходно писмено го предупредил работодавачот на исполнување на обврските, да му го откаже договорот за вработување, ако :

- работодавачот повеќе од три месеци не му обезбедил работа и така не му ја исплатува определената плата;
- не му овозможува вршење на работата заради одлука на надлежната инспекција за забрана на вршење на работниот процес или забрана на примена на средствата за работа, подолго од 30 дена и работодавачот не му ја исплаќа законски определената плата;
- работодавачот најмалку три месеца исплатува намалена плата за работата;
- работодавачот три пати последователно или во период од шест месеца не исплаќа плата за работата во законски, односно договорно определениот рок;
- работодавачот не ја обезбедува заштитата на работникот при работа, а работникот предходно побарал отстранување на заканувачката непосредна и неизбежна опасност за животот и здравјето;
- работодавачот го навредува и насилнички се однесува кон него или наспроти неговите предупредувања не го спречува таквото однесување од страна на другите работници;
- работодавачот не му обезбедува еднаков третман со оглед на полот и
- работодавачот ништо не презел работникот да не стане жртва на полово вознемирување.

Сите основи горе наведени за отказ од страна на работникот кои ги има во член 100 став 1 од ЗРО, во ставот 2 од член 100 Законот определува дека работникот има *право на испратнина и на обештетување најмалку во висина на изгубената плата за времето на отказниот рок.*

## 2. ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТОДАВАЧОТ

Работодавачот може да го откаже договорот за вработување, само ако постои основана причина за отказ поврзана за однесувањето на работникот (лична причина на страна на работникот), поради кршење на работниот ред и

дисциплина или работните обврски (причина на вина) или ако причината е заснована на потребите на функционирањето на работодавачот (деловна причина).

Ако работодавачот го откажува договорот за вработување, е должен да го наведе основот за отказот, утврден со закон, колективен договор и акт на работодавачот, да ја докаже основаноста на причината која го оправдува отказот и истите да ги наведе во образложението.

## *2.1 ОСНОВАНИ И НЕОСНОВАНИ ПРИЧИНИ ЗА ОТКАЗ*

Според членот 76 од ЗРО, работодавачот може на работникот да му го откаже договорот за вработување, ***(основани причини за отказ)***, кога не е можно продолжување на работниот однос, ако:

- ✓ *работникот заради своето однесување, недостаток на знаења или можности или заради неисполнување на посебните услови определени со закон, не е способен да ги извршува договорните или други обврски од работниот однос (лична причина) или*
- ✓ *работникот ги крши договорните обврски или други обврски од работниот однос (причина на вина) и*
- ✓ *престане потребата од вршење на одредена работа под условите наведени во договорот за вработување заради економски, организациони, технолошки, структурни или слични причини на страна на работодавачот (деловни причини).*

Со одредбите од член 76 став 2, престанокот на работниот однос од член 76 став 1 точка 3, се врши врз основа на потребата за ефикасно функционирање на работата на работодавачот, стручната подготовка и квалификација на работникот, неговото работно искуство, успешноста на работењето, видот и значењето на работното место, работниот стаж и други критериуми утврдени со колективниот договор, како и критериуми за заштита на инвалидните лица, самохрани родители и родителите на децата со посебни потреби на кои им престанува работниот однос по истиот основ.

Со одредбите од членот 77 од ЗРО, како *неосновани причини за откажување на договорот за вработување* се определуваат:

- ✓ *членство на работникот во синдикат или учество во синдикални активности во согласност со закон и колективен договор;*
- ✓ *поднесување на тужба или учество во постапка против работодавачот заради потврдување на кршење на договорните и други обврски од работниот однос пред арбитражни, судски и управни органи;*
- ✓ *одобрено отсуство заради болест или повреди, бременост, раѓање и родителство, нега на член на семејството и неплатеното родителско отсуство;*
- ✓ *користење на одобрено отсуство од работа и годишен одмор;*
- ✓ *отслужување или дослужување на воен рок или воена вежба и*
- ✓ *други случаи на мирување на договорот за вработување утврдени со законот.*

Работодавачот може да му го откаже договорот за вработување од лични причини на страна на работникот, ако работникот не ги извршува работните обврски утврдени со закон, колективен договор, акт на работодавачот и договорот за вработување.

Работодавачот може истотака да му го откаже договорот за вработување на работникот од лични причини на страна на работникот, ако на работникот му се обезбедени потребните услови за работа и му се дадени соодветни упатства, насоки и писмено предупредување од работодавачот во врска со работата дека работодавачот не е задоволен од начинот на извршување на работните обврски и ако по даденото предупредување во рокот утврден од работодавачот, ***кој неможе да биде пократок од 15 дена, од денот на приемот на писменото предупредување,*** работникот не го подобри своето работење во случаите утврдени со колективниот договор на ниво на гранка, односно оддел, односно на ниво на работодавач.

### *2.2. Отказ поради кршење на работен ред и дисциплина со отказен и без отказен рок*

Работодавачот може да му го откаже договорот за вработување на работникот според член 81 од ЗРО, поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор, акт на работодавачот и договорот за вработување со отказен рок, особено ако:

- ✓ *не ги почитува работниот ред и дисциплина според правилата пропишани од страна на работодавачот;*
- ✓ *не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски;*
- ✓ *не се придржува кон прописите што важат за вршење на работите на работното место;*
- ✓ *не се придржува на работното време, распоредот и користењето на работното време;*
- ✓ *не побара отсуство или навремено писмено не го извести работодавачот за отсуството од работа;*
- ✓ *поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа, писмено не го извести работодавачот;*
- ✓ *со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа;*
- ✓ *настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести работодавачот;*
- ✓ *не ги почитува прописите за заштита при работа или не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа;*
- ✓ *предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата и*
- ✓ *незаконски или неовластено ги користи средствата на работодавачот.*

Со закон, колективен договор и со правилата на работодавачот за работниот ред и дисциплина може да се утврдат и други случаи на кршење на работниот ред и дисциплина.

Правилата за работниот ред и дисциплина, работодавачот е должен да ги истакне на видно место во работните простории на работодавачот и да ги достави до синдикатот.

**Прилог 3:** Решение за откажување на Договорот за работа според член 81

Врз основа на член 81 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16) Управителот на Друштвото ________________________________________

*(име и седиште на фирмата)*

на ден ________ 2018 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за откажување на договорот за вработување**

**со отказен рок**

На работникот ________________________________

*(име, презиме, бр.л.к, ЕМБГ и место на живеење)*

распореден на работни задачи ________________ му престанува работниот однос заклучно со ден __________ година, поради кршење на работниот ред и дисциплина, предизвикување неред и насилничко однесување за време на работа, утврдени со Законот за работни односи, колективниот договор, правилата за работниот ред и дисциплина и договорот за вработување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Горе именуваниот работник, на ден ________ 2018 година му се откажува договорот за вработување поради тоа што не го почитува работниот ред и дисциплина, предизвикување неред и насилничко однесување за време на работа.

Поради тоа Управителот на Друштвото одлучи да го раскине договорот за вработување со работникот, СО ОТКАЗЕН РОК од 1 месец.

Решението важи од денот на неговото потпишување.

**Поука:** Именуваниот работник има право на приговор против ова решение до управителот на друштвото, во рок од осум дена од приемот на неговото врачување.

Доставено до:

-работникот;

-работодавецот. Управител:

______________

Работодавачот може на работникот да му го откаже договорот за вработување без отказен рок во случаите на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, колективен договор, правилата за работниот ред и дисциплина и договорот за вработување, а особено ако работникот:

- ✓ *неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;*
- ✓ *го злоупотреби боледувањето;*
- ✓ *не се придржува кон прописите за здравствена заштита, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина;*
- ✓ *внесува, употребува или е под дејство на алкохол и наркотични средства;*
- ✓ *стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание предизвика штета на работодавачот и*
- ✓ *оддаде деловна, службена или државна тајна.*

Со закон и колективен договор може да се утврдат и други случаи на кршење на работниот ред и дисциплина и на работните обврски за кои работодавачот го откажува договорот за вработување без отказен рок.

